До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на мислење на web формата на Државната комисија.
Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

# М И С Л Е Њ Е

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“
Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица **и вработените во јавниот сектор.**
Со член 23 став (1) од Законот јавните претпријатија е предвидено:
„(1) Со работата на јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија раководи директор кој има заменик што го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие во негово отсуство, кои ги избира односно разрешува управниот одбор. **Директорот на јавното претпријатие основано од страна на општината, односно градот Скопје може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие.**

**Иако во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не постои забрана вработено лице во јавниот сектор (лицата наведени во барањето, тука спаѓа и заменик-директорот кој не е избрано/именувано лице) да биде сопственик во трговско друштво, во конкретниот случај каде дејноста на приватното друштво (проектирање и планирање) е идентична со дејноста на Јавно претпријатие, мора да се почитуваат одредбите од Законот за работни односи, односно:**
Со член 36 став (1) е предвидено - „За времетраењето на работниот однос работникот не смее без согласност на работодавачот за своја или на туѓа сметка да врши или склучува работи кои спаѓаат во дејноста на работодавачот и значат или би можеле да значат конкуренција на работодавачот“**.**

**Во однос на втората и третата ситуација дали лицата можат да вршат дополнителна дејност користејќи ги своите овлатувања во други приватни фирми за проектирање, Државната комисија укажува дека за секој дополнителен ангажман на вработените, неопходно е да се применува член 121 став (1) од Законот за работните, каде е предвидено:**

„(1)Работникот кој работи полно работно време може по исклучок да склучи договор за вработување со неполно работно време кај друг работодавач, најмногу до десет часа неделно, исклучиво со претходна согласност од работодавачот."

**Во таа насока, работодавачот, односно директорот на Јавното претпријатие, е должен да изврши проценка дали ваквиот ангажман може да влијае врз законитото, навремено и непристрасно извршување на службените должности.**

Исто така, Државната комисија укажа дека лицата при вршењето на службените должности како вработени во Јавното претпријатие, потребно е да го имаат во предвид и Начелото на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице".
Државната комисија укажува дека вршењето на истата дејност со сопствена фирма од страна на заменик-директор или раководител во Јавно претпријатие создава висок ризик од постојан судир на интереси, каде службеното лице може да ги користи информациите, ресурсите или својот влијателен статус во јавното претпријатие за остварување личен приватен интерес.

Претседател

Адем Чучуљ

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk